**20252474818**

## ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 30, член 31, член 54 став 2 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/2016 и 171/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019, 77/2021, 285/2021,60/2023, 154/2023, 209/2023, 144/2025 и 154/2025), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 19 ноември 2025 година, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО СТРАНСТВО

Член 1

Во Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство („Службен весник на РСМ“ бр. 234/2022 и 106/2025), во насловот пред член 17 зборовите „и второстепена“ се бришат.

Во член 17 зборовите „односно Второстепена“ се бришат.

Член 2

Во насловот пред член 20 зборовите „и второстепена“ се бришат.

Во член 20 во ставот 3 зборовите „и Второстепената лекарска комисија“ се бришат.

Во член 20 став 5 и став 6 се бришат.

Во член 20 ставот 8 и ставот 9 кои стануваат став 6 и став 7 се менуваат и гласат:

„За сите позитивни оценки и мислења дадени од страна на првостепената лекарска комисија, секретарот на првостепената лекарска комисија изготвува решение кое го донесува директорот на Фондот, а претходно со свој потпис го потврдува претседателот/заменик-претседателот на првостепената лекарска комисија.

Конечната оценка и мислење дадена од првостепената лекарска комисија на пропишан образец, потпишана од претседателот на првостепената лекарска комисија, е составен дел на решението донесено од директорот на Фондот.

Во член 20 во ставот 11 кој станува став 9 зборовите „или Второстепената лекарска комисија“ се бришат.

Член 3

Во член 21 ставот 2 се брише.

Во член 21 во ставот 3 кој станува став 2 зборовите „и Второстепената“ се бришат.

Член 4

Во член 25 во ставот 1 зборовите „и Второстепената лекарска комисија“ се бришат.

Во член 25 во ставот 2 и во ставот 3 алинеја 1 зборовите „и Второстепената“ се бришат.

Член 5

Во член 26 во ставот 1 и во ставот 2 алинеја 5 зборовите „и Второстепената“ се бришат.

Член 6

Во член 30 во ставот 3 алинеја 4 зборовите „и Второстепената“ се бришат.

Член 7

Во член 39  во ставот 2 алинеја 6 зборовите „и Второстепената“ се бришат.

Член 8

Во член 40 во ставот 3 алинеја 4 зборовите „и Второстепената“ се бришат.

Член 9

Во член 42 во ставот 1 алинеја 4 зборовите „и Второстепена“ се бришат.

Член 10

Во член 43 во ставот 1 по зборот „комисија“ се додаваат зборовите „во рамките на своите надлежности утврдени со овој правилник“.

Во член 43 ставот 2 се менува и гласи:

„Доколку оценката и мислењето на Првостепената лекарска комисија, односно на Второстепената лекарска комисија дадена во жалбената постапка, се однесува на упатување на лекување на осигуреното лице во приватна здравствена установа во Република Северна Македонија, односно во странска здравствена установа, Фондот односно Управниот одбор на Фондот ќе донесе решение за упатување на лекување во приватната здравствена установа во Република Северна Македонија, односно во странската здравствена установа“.

Член 11

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-26218/1
20 ноември 2025 година
Скопје

Претседател
на Управен одбор,
**Дритан Даути,** с.р.